

УНИ Банка
Твојата Банка

Уни Банка АД Скопје има потреба од мотивирани кандидати за вработување на следната работна позиција:

## Самостоен референт
## во Служба за контрола на усогласеност со прописи

*Биди и ти дел од нашиот тим...*

**Квалификации:**

- Виско образование (предност ќе имаат кандидатите со завршен Правен факултет);
- Работно искуство во областа на усогласеност со прописи;
- Добро познавање на законската регулатива од областа на банкарското работење и останата регулатива која е од влијание на работењето на банката;
- Одлични способности за тимска работа, комуникација и меѓучовечки односи;
- Одлично познавање на англиски јазик;
- Напредно познавање на MS Office.

## Работни активности:

- Ја следи законската регулатива од областа на банкарското работење и останата регулатива која е од влијание на работењето на банката;
- Дава насоки и предлози за усогласување и имплентирање на нова законска регулатива;
- Соработува со останатите организациони единици во Банката во насока на стручна и советодавна помош во областа на усогласеност со банкарската регулатива и банкарската добра практика;
- Врши контрола на интерните акти од аспект на нивна усогласеност со банкарската регулатива и банкарската добра практика;
- Учествува во изработка на интерни извештаи и комуникација со надворешни институции;
- Учествува во изработка на нови и измена на постоечки интерни акти на Банката;
- Дава насоки за правилна примена на прописите во форма на препораки, вклучително и препораки за измена на соодветите интерни акти;
- Извршува тековни и останати работи по налог на Раководителот на Службата.

Работното време е 40 часа неделно.

Доколку сте одговорна, прецизна и активна личност, ориентирана кон остварување на високи резултати, придружете се и Вие кон успешниот тим на професионалци!

На нашите вработени им нудиме динамична работа со можност за професионален развој и усовршување, како и одлични услови за работа во средина со амбициозен и професионален тим.

## Бенефиции:

- Обуки за личен и професионален развој
- Колективно осигурување од незгода, дополнително здравствено осигурување
- Спортски активности и настани за дружење

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат наведените услови, потребно е да испратат кратка биографија на македонски јазик на jobs@unibank.com.mk или на адреса: Максим Горки бр. 6, 1000 Скопје, **најдоцна до 25.10.2024 година.**

*Вашата апликација ќе се третира строго доверливо. Само кандидатите кои ги исполнуваат потребните квалификации и услови ќе бидат повикани на интервју. Процесот на селекција ќе биде финализиран во законски обврзаниот рок во зависност од бројот на апликанти. Со аплицирање за оваа работна позиција, се согласувате Банката да може да ги собира, обработува и чува вашите лични податоци за потребите на процесот на регрутација за цело време додека трае истиот, а по завршувањето на истиот податоците може да се чуваат во базата на податоци на Банката за регрутациски потреби согласно законските прописи. Согласноста може да ја повлечете во секое време со доставување на барање за истото на следниот линк: zlp@unibank.com.mk